Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Љупчо Шапчевски - Скопје**, за сечење на зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) и тоа: 1 (едно) дрво (брест) што се наоѓа **на ул. "Тодор Александров" на косината до патот за Водно спроти Панорамика – Скопје.**
2.Сечењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"
4. Се обврзува ЈП Паркови и зеленило, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на соодветно дрво, постаро од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 метри од исеченото стебло.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Љупчо Шапчевски - Скопје, ул. "Тодор Александров" бр.62,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/510** од **13.07.2023** година, за сечење на дрвото што се наоѓа **на ул. "Тодор Александров" на косината до патот за Водно спроти Панорамика – Скопје.** Службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека дрвото предмет на барањето е целосно суво, се наоѓа на косината до патот и има опасност да падне и причини материјална и човечка штета.

Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење ( кроење е вид на кастрење при што се прават напори зеленилото да добие естетска форма ) на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвото е целосно суво и постои реална опасност од негово паѓање и при тоа е одлучено наместо исеченото дрво да се засади нов садник на парцела кадешто е извршено сечењето. Па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/510/2**
**24.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот
-ЈП "Паркови и зеленило"
-Архива

изработил:
**Марија Стојановска**
________________

Раководител на Одделение
**Емил Дуровиќ**
________________

Помошник Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје

**Зоран Глигоров**
________________

Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Љупчо Шапчевски,** за кастрење на дрво, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) и тоа: 1 (едно) дрво (бадем) што се наоѓа **на ул. "Тодор Александров" на косината до патот накај Водно – Скопје.**
2.Кастрењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Љупчо Шапчевски, поднесе барање** до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/510** од **13.07.2023** година, за кастрење на дрвото што се наоѓа **на ул. "Тодор Александров" на косината до патот накај Водно – Скопје.** Службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвото предмет на барањето, има гранка која е надвисната над улицата Тодор Александров и потребно е да се искастри.

Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба дека треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/510/3**
**24.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот
-ЈП “Паркови и зеленило”
-Архива

изготвил:
____________________
**Марија Стојановска**

____________________
Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

Помошник Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
____________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
____________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**
____________________